# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| | |
|---|---|
| **Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров Излегува по потреба** | **11 Март 2016 година Скопје Бр.3 Год.XI** |

www.opstinagpetrov.gov.mk kontakt@opstinagpetrov.gov.mk

Издавач: Општина Ѓорче Петров
ул.Ѓорче Петров бр.73
Уредува: Одделение за нормативно-правни работи и работа со Советот
тел. 02/2039-307 ; 02/2039-308
фах. 02/ 2033-309


***Содржина:***


1. **Заклучок за усвојување на информација за безбедносната состојба на подрачјето на Општина Ѓорче Петров во Второ шестомесечие на 2015 година....................2**
2. **Заклучок за усвојување Извештај за реализација на Програмата за урбано планирање и Програмата за комунални дејности за период од 01.01.-31.12.2015 година....................4**
3. **Заклучок за усвојување Извештај за реализација на Програмата за заштита на животната средина и природа за период од 01.01.-31.12.2015 година....................6**
4. **Заклучок за усвојување Извештај за реализација на Програмата за остварување на социјална заштита во Општина Ѓорче Петров за период од 01.01.-31.12.2015 година..........8**
5. **Заклучок за усвојување Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на култура и поддршката на невладиниот сектор за период од 01.01.-31.12.2015 година....................10**
6. **Заклучок за усвојување Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на спортот, рекреацијата и поддршката на невладиниот сектор за период од 01.01.-31.12.2015 година....................12**
7. **Годишен финансов извештај на Општина Ѓорче Петров за 2015 година....................14**
8. **Завршна сметка на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2015 година....................29**
9. **Стратегија за информатички и комуникациски технологии....................71**


*Март, 2016 година*

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Службен Весник на РМ" бр.5/02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров" бр.18/2013), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Заклучок за усвојување на Информација за безбедносната состојба на подрачјето на Општина Ѓорче Петров во Второ шестомесечие на 2015 година**

Се објавува Заклучокот за усвојување на Информација за безбедносната состојба на подрачјето на Општина Ѓорче Петров во Второ шестомесечие на 2015 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров го усвои на Четериесет и седмата седница на Советот, одржана на ден 11.03.2016 година.

**Број 09-723/1**
**од 11.03.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 25 од Законот за полиција (Службен Весник на Р.М. бр. 114/06) и член 16 став 1 точка 28 и 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013), Советот на Општина Ѓорче Петров на 47-мата седница одржана на ден 11.03.2016 година го донесе следниот

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Информација за безбедносната состојба на подрачјето на Општина Ѓорче Петров во Второ шестомесечие на 2015 година**

1. Советот на Општина Ѓорче Петров ја усвои Информацијата на Полициска станица од општа надлежност „Ѓорче Петров" за безбедносната состојба на подрачјето на Општина Ѓорче Петров во Второ шестомесечие на 2015 година.

2. Заклучокот ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 08-651/3**
**Од 11.03.2016 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Гоце Петрески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Службен Весник на РМ" бр.5/02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров" бр.18/2013), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за урбано планирање и Програмата за комунални дејности за период 01.01.-31.12.2015 година**

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за урбано планирање и Програмата за комунални дејности за период 01.01.-31.12.2015 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров го усвои на Четериесет и седмата седница на Советот, одржана на ден 11.03.2016 година.

**Број 09-723/2**
**од 11.03.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) Советот на Општина Ѓорче Петров на 47-мата седница одржана на ден 11.03.2016 година го донесе следниот

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за урбано планирање и Програмата за комунални дејности за период 01.01.-31.12.2015 година**

1. Советот на Општина Ѓорче Петров го усвои Извештајот за реализација на Програмата за урбано планирање и Програмата за комунални дејности за период од 01.01.-31.12.2015 година.

2. Заклучокот ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-651/4**
**Од 11.03.2016 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Гоце Петрески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Службен Весник на РМ" бр.5/02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров" бр.18/2013), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за заштита на животната средина и природа за период од 01.01.-31.12.2015 година**

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за заштита на животната средина и природа за период од 01.01.-31.12.2015 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров го усвои на Четериесет и седмата седница на Советот, одржана на ден 11.03.2016 година.

**Број 09-723/3**
**од 11.03.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) Советот на Општина Ѓорче Петров на 47-мата седница одржана на ден 11.03.2016 го донесе следниот

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за заштита на животната средина и природа за период од 01.01.-31.12.2015 година**

1. Советот на Општина Ѓорче Петров го усвои Извештајот за реализација на Програмата за заштита на животната средина и природа за период од 01.01.-31.12.2015 година.

2. Заклучокот ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-651/5**
**Од 11.03.2016 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Гоце Петрески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Службен Весник на РМ" бр.5/02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров" бр.18/2013), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за остварување на социјална заштита во Општина Ѓорче Петров за период од 01.01.-31.12.2015 година**

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за остварување на социјална заштита во Општина Ѓорче Петров за период од 01.01.-31.12.2015 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров го усвои на Четериесет и седмата седница на Советот, одржана на ден 11.03.2016 година.

**Број 09-723/4**
**од 11.03.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) Советот на Општина Ѓорче Петров на 47-мата седница одржана на ден 11.03.2016 го донесе следниот

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за остварување на социјална заштита во Општина Ѓорче Петров**
**за период од 01.01.-31.12.2015 година**

1. Советот на Општина Ѓорче Петров го усвои Извештајот за реализација на Програмата за остварување на социјална заштита во Општина Ѓорче Петров за период од 01.01.-31.12.2015 година.

2. Заклучокот ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 08-651/6**
**Од 11.03.2016 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Гоце Петрески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Службен Весник на РМ“ бр.5/02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/2013), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на културата и поддршката на невладиниот сектор за период од 01.01.-31.12.2015 година**

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на културата и поддршката на невладиниот сектор за период од 01.01.-31.12.2015 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров го усвои на Четериесет и седмата седница на Советот, одржана на ден 11.03.2016 година.

**Број 09-723/5**
**од 11.03.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) Советот на Општина Ѓорче Петров на 47-мата седница одржана на ден 11.03.2016 година го донесе следниот

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во обласа на културата и поддршката на невладиниот сектор за период од 01.01.-31.12.2015 година**

1. Советот на Општина Ѓорче Петров го усвои Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во обласа на културата и поддршката на невладиниот сектор за период од 01.01.-31.12.2015 година.

2. Заклучокот ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 08-651/7**
**Од 11.03.2016 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Гоце Петрески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Службен Весник на РМ" бр.5/02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров" бр.18/2013), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на спортот, рекреацијата и поддршката на невладиниот сектор**
**за период од 01.01.-31.12.2015 година**

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на спортот, рекреацијата и поддршката на невладиниот сектор за период од 01.01.-31.12.2015 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров го усвои на Четериесет и седмата седница на Советот, одржана на ден 11.03.2016 година.

**Број 09-723/6**
**од 11.03.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) Советот на Општина Ѓорче Петров на 47-мата седница одржана на ден 11.03.2016 година го донесе следниот

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на спортот, рекреацијата и поддршката на невладиниот сектор за период од 01.01.-31.12.2015 година**

1. Советот на Општина Ѓорче Петров го усвои Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на спортот, рекреацијата и поддршката на невладиниот сектор за период од 01.01.-31.12.2015 година.

2. Заклучокот ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 08-651/8**
**Од 11.03.2016 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Гоце Петрески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Службен Весник на РМ“ бр.5/02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/2013), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Годишен финансов извештај на Општина Ѓорче Петров за 2015 година**

Се објавува Годишниот финансов извештај на Општина Ѓорче Петров за 2015 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров го усвои на Четериесет и седмата седница на Советот, одржана на ден 11.03.2016 година.

**Број 09-723/7**
**од 11.03.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 34 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа ( Сл.весник на Р.М. бр. 61/04) и член 16 став 1 точка 2 од Статутот на општина Ѓорче Петров ( Сл. гласник на општина Ѓорче Петров бр. 05/06), Советот на општина Ѓорче Петров на 47-та седница одржана на 11.03.2016 година, донесе

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2015 ГОДИНА

## 1. Вовед

### 1.1. Основни податоци за Општина Ѓорче Петров

Број на жители по попис од 2002 година : 41.680
Површина: 67 км2
Населени места(7): Ново Село; Волково; Кисела јабука; Орман; Кучково; Никиштани и Грачани

### 1.1.1 Опис на економските параметри на општината:

Според пописот на население од 2002 година, Општина Ѓорче Петров брои:
11.845 домаќинства,
13.896 станови
988 деловни субјекти од кои
424 се активни

Според податоците добиени од даночната администрација на Град Скопје, пријавени обврзници за данок на имот има 14.157 (во 2014 биле 13.690) од кои 14.039 се физички лица (во 2014 г. биле 13.578) и 118 правно лице ( во 2013 г. биле 112). За прв пат оваа година решенијата за данок на имот за физички лица го надминуваат бројот на евидентирани домаќинства споредено со пописот и тоа за 143.Ова покажува дека податоците од пописот веќе се застарени и не ја даваат реалната слика од терен. Овде треба да се истакне дека во текот на 2015 година, имаме новопријавени или новооткриени и евидентирани обврзници 467, во однос на 2014 година, од кои 461 физичко лице и 6 правни субјекти. Со поднесените барања за легализација на бесправно изградени објекти се врши контрола на истите дали се внесени во даночната евиденција. Тие што ги нема во даночна евиденција се пријавуваат со решението за признавање на правен статус за бесправно изграден објект што му го издава општината, а кај тие што се утврдува разлика во квадратурата се дооданочуваат.

Покрај тоа што веќе неколку години континуирано се работи на расчистување на базата на податоци, сеуште во вкупниот број на решенија има случаи кога за иста адреса - стан се појавуваат по две, па дури и по три решенија, што значи при продажба на

становите во обврзници за данок на имот останат е и стариот, а воведен е и новиот сопственик. При откривање на ваквите случаи се брише стариот обврзник.

Во општината постојат околу 20 поголеми деловни субјекти и занаетчиско услужни дејности кои се распоредени во различни гранки:

- Градежна индустрија;
- Прехрамбено преработувачка индустрија;
- Текстилна индустрија;
- Хемиска индустрија;
- Пекарско-занаетчиски дејности;
- Сервиси; услужни дејности ( дуќани, сендвичари, ресторани и сл.)
- Филијали на неколку банки ( Комерцијална - две филијали, Стопанска, Охридска, НЛБ Тутунска, Прокредит банка, Шпаркасе банка, Халк банка и Уни банка);
- Здравствени установи;

Во Општината има и институционални објекти:

- Поликлиника со амбуланти во Дексион и Волково;
- Геронтолошки завод;
- Полициска станица;
- Касарна на единиците за брза интервенција;
- Една градинка со пет клона;
- Шест основни училишта со осум објекти, т.е. две подрачни;
- Едно средно училиште – Гимназија;
- Две спортски сали;
- Стадион за спортски натпревари со помошно фудбалско игралиште;
- Цркви, манастири и др.

## 1.2. Буџет, Одлука за извршување на буџетот

Буџетот на Општина Ѓорче Петров и Одлуката за извршување на буџетот за 2015, Советот на Општина Ѓорче Петров ги донесе на својата 29-та Седница одржана на 18.12.2014 година. Во текот на 2015 година се извршени 2 (два) Ребаланси на Буџетот и тоа на 09.06.2015 година и на 09.11.2015 година.

## 2. Годишна сметка

### 2.1. Приходи на Општината

| | | Опис на сметките | Основен буџет **2014** | | Основен буџет **2015** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | планирано | извршено | планирано | извршено |
| | | **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **231.241.600** | **143.139.980** | **219.548.000** | **170.657.837** |
| **71** | | **Даночни приходи** | **155.265.000** | **89.904.777** | **137.596.300** | **108.116.467** |
| | 711 | Данок од доход, добивка и капитални доб. | 8.050.000 | 7.439.012 | 8.370.000 | 8.094.247 |
| | 713 | Данок на имот | 47.005.500 | 42.968.064 | 49.010.000 | 41.879.694 |
| | 717 | Даноци од специфични услуги | 100.059.500 | 39.491.701 | 79.966.300 | 58.142.526 |
| | 718 | Такси за користење или дозволи за вршење на дејност | 150.000 | 6.000 | 250.000 | 0 |
| **72** | | **Неданочни приходи** | **10.910.000** | **9.362.278** | **12.460.000** | **6.001.062** |
| | 722 | Такси и надоместоци | 1.010.000 | 786.705 | 1.010.000 | 851.671 |
| | 723 | Административни такси и надоместоци | 1.800.000 | 1.315.345 | 1.800.000 | 1.702.695 |
| | 724 | Други владини услуги | 100.000 | 0 | 150.000 | 95.673 |
| | 725 | Други неданочни приходи | 8.000.000 | 7.260.228 | 9.500.000 | 3.351.023 |
| **73** | | **Капитални приходи** | **32.465.000** | **27.163.057** | **35.890.100** | **21.939.466** |
| | 731 | Продажба на капитални средства | 30.000 | 28.900 | 40.100 | 40.100 |
| | 733 | Продажба на земј.и нематер.вложувања | 32.435.000 | 27.134.157 | 35.850.000 | 21.899.366 |
| **74** | | **Трансфери и донации** | **32.601.600** | **16.709.868** | **33.601.600** | **34.600.842** |
| | 741 | Трансфери од други нивоа на власт | 32.601.600 | 16.709.868 | 33.601.600 | 34.600.842 |

Од табелата се забележува дека остварувањето на приходите споредено со 2014 година бележи зголемување од 16,12% во вкупните приходи. Во внатрешната структура на приходи состојбата е различна, некои бележат зголемување, а некои бележат намалување.

Даночните приходи во група 71 бележат зголемување за 16,84%. Во рамките на оваа група влегува персоналниот данок каде има зголемување од 8,10% во однос на 2014 година, данок на имот на општината кој бележи намалување за 2,53%, даноци од специфични услуги, во кои се содржи надоместокот за уредување на градежно земјиште, бележат зголемување за 32,08% во однос на 2014 година. Приходите од такси за користење или дозволи за вршење на дејност( тоа се глобите) воопшто не се реализирани .

Неданочните приходи, група 72, во однос на 2014 година бележи намалување и тоа за 35,9%. Во овие приходи се содржи самопридонесот од месното население за изградба

на фекалната канализација во реонот на Волково, кој од 2013 година кога почнаа да се склучуваат договори со странките за одложено плаќање до 12 месечни рати средствата примени во апсолутен износ се намалија, а истовремено и рокот за наплата се продолжи.

Капиталните приходи, група 73 во однос на минатата година бележат намалување за 19,23%. Тие се содржат од приходи од продажбата на државно земјиште, но и од надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти.

Во трансфери и донации или групата 74 се бележи зголемување од 45,25% без да се земе во предвид искористениот депозит ( пренесен вишок на приходи од претходна година).Со него зголемувањето е за 51,71%.

Планирањето и реализацијата на планот се гледаат од графичкиот приказ што следи, единствено поголемо отстапување има во даночните приходи:




Во графиконот што следи, се гледаат разликите во реализацијата на приходите по групи споредени со реализираните во 2015 година и она што беше погоре текстуално објаснето со проценти, графиконот го покажува со еден поглед, кои приходи се порснати, а кои се намалени.




Во табелата што следи пак се прикажува структурното учество на реализираните приходи во текот на 2015 година по сметки:

| | |
|---|---|
| Основен буџет | 170.657.837 |
| Дотации | 158.612.000 |
| Самофинансирачки активности | 16.597.893 |
| Донации | 675.794 |
| Кредити | 25.120.276 |
| **ВКУПЕН БУЏЕТ** | **371.663.800** |



Оваа година повторно најголемео учество во структурата на консолидираниот буџет и тоа со 45,92% има основниот буџет, за разлика од минатата година кога најголемо учество имаа дотациите и тоа 47,31% . Потоа следат дотациите со 42,68%; Приходите од самофинансирачките активности на градинките и основните училишта учествуваат со 4,47%. Кредитот во структурата на Буџетот учествува со 6,76%.Донациите се со најмал процент од 0,18%.

Иако дотациите секоја година по малку се зголемуваат во однос на претходната, се уште не ги задоволуваат потребите на училиштата и градинките, посебно во делот на одржување на градежните објекти. Поради тоа, Општина Ѓорче Петров дополнително ги финансира овие надлежности.

## 2.2. Расходи на Општината

Расходната страна на буџетот на Општина Ѓорче Петров се планира согласно законските прописи и програмското планирање.Програмите пак, се утврдени согласно надлежностите. Во наредната табела ќе се задржиме на односот меѓу планираното и реализираното во основниот буџет на расходи, споредбено со претходната 2014 година:

| | | Опис на сметките | Основен буџет 2014 | | Основен буџет 2015 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | планирано | извршено | планирано | извршено |
| | | **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **231.241.600** | **140.211.928** | **219.548.000** | **170.657.837** |
| **40** | | **Плати, наемнини и надоместоци** | **32.491.800** | **32.198.182** | **35.048.000** | **34.552.151** |
| | 401 | Основни плати и надоместоци | 21.028.000 | 20.770.064 | 22.843.500 | 22.466.110 |
| | 402 | Придонеси од плати | 7.513.800 | 7.482.325 | 8.234.500 | 8.116.165 |
| | 404 | Надоместоци | 3.950.000 | 3.945.793 | 3.970.000 | 3.969.876 |
| **41** | | **Резерви и недефинирани расходи** | **1.500.000** | **533.000** | **1.400.000** | **531.877** |
| | 412 | Постојана резерва (непредвидливи расходи) | 1.000.000 | 200.000 | 1.000.000 | 200.000 |
| | 413 | Тековна резерва (разновидни расходи) | 500.000 | 333.000 | 400.000 | 331.877 |
| **42** | | **Стоки и услуги** | **107.431.800** | **73.234.670** | **99.894.000** | **75.658.847** |
| | 420 | Патни и дневни расходи | 576.000 | 331.761 | 649.750 | 352.973 |
| | 421 | Комунални услуги, греење, комуникации и транспорт | 32.692.800 | 23.090.255 | 24.251.000 | 20.602.033 |
| | 423 | Ситен инвентар, алат и други материјали за поправка | 4.646.000 | 3.421.717 | 4.006.000 | 2.886.359 |
| | 424 | Поправки и тековни одржувања | 30.930.000 | 22.938.416 | 34.465.000 | 26.557.714 |
| | 425 | Договорни услуги | 26.265.000 | 14.124.321 | 23.837.250 | 14.076.173 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 426 | Други тековни расходи | 7.942.000 | 5.180.086 | 8.315.000 | 6.894.692 |
| | 427 | Привремени вработувања | 4.380.000 | 4.148.114 | 4.370.000 | 4.288.903 |
| **45** | | **Каматни плаќања** | **260.000** | **259.689** | **230.000** | **229.164** |
| | 452 | Каматни плаќања кон домашни кредитори | 260.000 | 259.689 | 230.000 | 229.164 |
| **46** | | **Субвенции и трансфери** | **7.687.000** | **5.243.245** | **9.300.000** | **8.723.787** |
| | 463 | Трансфери до невладини организации | 1.410.000 | 1.167.560 | 1.010.000 | 832.753 |
| | 464 | Разни трансфери | 6.277.000 | 4.075.685 | 8.290.000 | 7.891.034 |
| **47** | | **Социјални бенефиции** | **400.000** | **398.000** | **472.000** | **387.000** |
| | 471 | Социјални надоместоци | 400.000 | 398.000 | 472.000 | 387.000 |
| **48** | | **Капитални расходи** | **81.471.000** | **28.345.142** | **62.652.000** | **40.023.485** |
| | 480 | Купување на опрема и машини | 2.360.000 | 1.782.026 | 3.200.000 | 1.581.378 |
| | 481 | Градежни објекти | 3.900.000 | 3.894.000 | 1.850.000 | 919.133 |
| | 482 | Други градежни објекти | 74.861.000 | 22.417.263 | 55.522.000 | 37.478.926 |
| | 483 | Купување мебел, | 100.000 | 30.228 | 30.000 | 0 |
| | 485 | Други нефинансиски средства | 250.000 | 221.625 | 2.050.000 | 44.048 |
| | 486 | Купување на возила | 0 | 0 | | |
| **49** | | **Отплата на главница** | **0** | **0** | **10.552.000** | **10.551.526** |
| | 493 | Отплата на главница од други нивоа на власт | 0 | 0 | 10.552.000 | 10.551.526 |

Овде треба да се скрене внимание на тоа што прв пат се појавува група 49 - Отплата на главница, бидејќи грејс периодот од првото задолжување заврши и од 2015 година општината почна со отплата на главницата.

Графиконот подолу, го прикажува наменското планирање и остварување на расходите. Линиите на планирано и реализирано се пратат. Тоа значи дека нема отстапување во наменски планираното, само има отстапување на реализираното во однос на планираното, а тоа пак се движи во рамките на остварените приходи.Такви поголеми отстапувања има во делот на стоки и услуги, како и во капиталните расходи, каде планот е поголем од реализацијата. Линиите на планирано и реализирано се преклопуваат во делот на платите, каматните плаќања, субвенции и трансфери, социјалните надоместоци и отплата на главница.

- Сината или повисоката линија го прикажува планираното.
- Црвената или пониската линија го прикажува реализираното-извршено.




Наредниот графикон ги прикажува реализираните расходи (извршено) споредени со претходната 2014 година.



Од овој графикон се гледа дека точките на црвената и сината линија во расходите за плати, резерви, стоки и услуги и социјални бенефициии се скоро на исто ниво и се преклопуваат, додека субвенциите и трансферите и посебно капиталните расходи во 2015 г. се повисоки во однос на 2014 година. Мало намалување во однос на 2014 година има во делот каматните плаќања, што во графиконот и неможе да се примети. Иако во 2015 година општината почна да плаќа камата и на подигнатите средтав од новото задолжување сепак вкупните плаќања по основ на камати се пониски, а тоа се должи на пониската каматна стапка, која е променлива.

Во следната табела како и во приходите прикажано е структурното учество на реализираните расходи по сметки:

| | |
|---|---|
| Основен буџет | 170.657.837 |
| Дотации | 157.955.675 |
| Самофинансирачки активности | 15.078.792 |
| Донации | 675.794 |
| Кредити | 25.120.276 |
| **ВКУПЕН БУЏЕТ** | **369.488.374** |

Од табелата подолу се изведени и прикажани процентуалните учества на расходите по намени и истите ги следат и процентите на приходите.

Најголемо е учеството на расходите од основниот буџет и тоа 46,19%, потоа следат дотациите со 42,75%, кредитите со 6,80%, самофинансирачките активности на градинката и основните училишта со 4,08% и најмало е учеството на донации со 0,18%.



## 3. Извештај за средствата, побарувањата, обврските и изворите на средства

Општината при изготвување на Завршната сметка на сите сметки со кои располага ( буџет, орган, самопридонес, дотации) изготвува и биланс на состојба каде се прикажуваат сите средства и извори на средства со кои располага општината.

Во книговодствената евиденција не се внесени градежни објекти кои се однесуваат на зградите каде што работи општинската администрација, бидејќи постапките за упис во катастар на недвижности се уште се во тек. Кога ќе се добијат имотните листови, тогаш ќе бидат воведени и во книговодствената евиденција. Единствен градежен објект кој се води е само саат кулата во реонскиот парк , која целосно е изградена со средства од донации, а вредноста и изнесува 3.270.736,00 денари.

Во делот на опрема ( мебел, возила и машини) општина Ѓорче Петров располага со **основни средства во вредност од :**

ревалоризирана набавна вредност - **22.651.255,00 ден.**

Во текот на 2015 година има новонабавени основни средства во вредност од 1.196.453,00 ден. и таа набавка се однесува на информатичка опрема( персонални компјутери, принтери и лаптопи за членовите на Советот како и за дел од администрацијата. По пописот од минатата година има расходувано основни средства што се расипани и што се надвор од употреба, истите се отстранети од објектот, а тоа се неколку компјутери, монитори и принтери.

Од 2011 година имаме и основни средства што се водат како други градби во износ од 27.048.773,00 ден., а се однесуваат на споменикот на револуционерот Ѓорче Петров и Спомеников на бранителите во с.Волково.

Покрај материјални, во книговодствената евиденција, се водат и нематеријални вложувања, како што се софтверски решенија на износ од **179.715,00** денари. За надоместок за одземен имот во 2015 година општината немаше исплати.

**Ситен инвентар** ( канцелариски инвентар, алати, мобилни тел., знамиња и сл.) **1.420.590,00 ден.**
или новонабавени во 2015 г. во износ од 122.629,00 ден.Овој инвентар со ставање во употреба книговодствено се отпишува.

**Побарувања од купувачи** **69.917.372,00 ден.**

- закупнини, 1.266.286,00
- надоместок за уредување на градежно земјиште

кој се плаќа на рати, 6.234.877,00
- надоместок за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти кој се плаќа на рати 1.622.763,00
- обврска за данок на имот 60.688.853,00
- глоба 104.593,00

Податоците за обврски од данок на имот и комунална такса ги добиваме од Извештајот кој градската даночна администрација го доставува до општината. Вкупно задолжување со салда од претходни години кои не се наплатени по основ на данок на имот и комуналната такса за фирмарина изнесува:

- за физички лица 16.471.228,00

( во 2013 година овој износ беше 25.067.069,00)
( во 2014 година овој износ беше 19.782.848,00)

- за правни лица 2.942.505,00

( во 2013 година овој износ беше 1.989.227,00)
( во 2014 година овој износ беше 2.654.281,00)

- за дополнителна стапка 9.257.261,00

( во 2013 година овој износ беше 14.116.635,00)
( во 2014 година овој износ беше 15.369.956,00)

---

Вкупни побарувања од данок на имот: 28.670.994,00

Комунална такса за истакнување на фирма (фирмарина) 32.017.859,00
( во 2013 година овој износ беше 24.431.792,00)
( во 2014 година овој износ беше 27.102.581,00)

---

**Вкупно 60.688.853,00 ден.**

Од погорните податоци се забележува дека побарувањата по основ на данокот на имот од физички лица, како за основната така и за дополнителната стапка, бележи големо намалување, а тоа е ефект од присилната наплата што две години по ред ја пушта Град Скопје. Загрижува податокот кој покажува зголемување на побарувањата по основ на данокот на имот од правни лица, како и комуналната такса за фирмарини.Од градската даночна администрација не добивме извештај дали е пуштена присилна наплата за ваквите должници, за што дополнително ќе бараме објаснување.

За прв пат оваа година се прикажани и побарувања по основ на изречени прекршочни казни-глоби од страна на комуналниот инспектор и комуналните редари, но истите се дадени на наплата преку извршители и сеуште не се наплатени.

**Краткорочни обврски према добавувачи 12.019.775,00 ден .**
(Во 2014 година изнесуваа 26.687.125,00 ден.)

Овде влегуваат обврски по основ на фактури за м.12/2015, а се стасани во текот на месец 01/2016 година.Покрај овие редовни комунални обврски, има и пренесени

обврски за фактури кои стасаа на крајот на годината кога веќе не бевме во можност да плаќаме, поради административно технички проблеми со трезорската канцеларија, но и поради недоволен прилив на средства на жиро сметката.

**Обврски према вработени** , **членови на Совет** и договори за дело, како и обврски према државата по основ на даноци и придонеси за м. 12/2015 , како и обврски за ДДВ кои се исплатени во м.01/2016 ( во 2014 г. изнесуваа 3.348.,053,00) **3.671.880,00 ден.** .

**4. Извештај за реализација на инвестиционите програми, наменски, капитални и блок дотации**

Капиталните инвестиции кои се водат во вонбилансна евиденција, во текот на 2015 година се зголемени за 71.721.847,00ден. ( во 2014 се зголемиле за 56.695.929,00 ден.). Овој износ се состои од финансиските вложувања што ги направила општината во висина од 63.902.260,00 денари, целосно искнижена завршна ситуација за изградба на локален пат с.Волково - с.Орман, а недоплатена за 1.926.640,00 денари и внесена вонбилансно книговодствена вредност на повеќе наменското игралиште кај надвозник на У.З. Даме Груев, добиена од Агенција за спорт и млади. Финансиските вложувања поединечно по капитални програми се гледаат од Посебните податоци на Завршната сметка. Кумулиранаата вредност на капиталните вложувања со вложувањата и од претходните години изнесува **599.914.843,00** денари ( во 2014 г. била 528.192.997,00 денари). Овде влегува градба и набавка на опрема како што се водоводни и канализациони мрежи, инсталации на јавно осветлување, изградба и реконструкција на сервисни и станбени улици, локални патишта, паркови, игралишта, урбана опрема и слично.

Што се однесува до блок дотациите, оваа година се реализираа во целост, но последната транша во месец Декември беше уплатена доцна и не можеше да се искористи. Како и секоја година таа се пренесува во салдо на жиро сметка и овие средства се користат како депонентни средства, ако затреба. Секоја година блок дотациите по малку ги зголемуваат, но сеуште не ги задоволуваат потребите, посебно во делот за одржување на објектите.Зголемените средства најчесто се распоредуваат за зголемените износи во плати и надоместоци, а остатокот за материјални трошоци. Општината прави напори да обезбеди средства и од други извори , посебно донации, за реконструкции на училиштата.

Што се однесува до колона кредит, треба да се потенцира дека во 2015 г. се започна со искористување на средствата од новото домашното задолжување и од одобрени 79.927.950,00 ден. искористени се 25.120.276,00 денари.

## 5. Преглед на трошењето на тековна буџетската резерва од програма Д0 - Градоначалник за 2015

### ПРЕГЛЕД
### НА ТРОШЕЊЕТО НА БУЏЕТСКАТА РЕЗЕРВА
### ОД ПРОГРАМА Д0-ГРАДОНАЧАЛНИК ЗА 2015 ГОДИНА

| Р. бр. | решение број : дата : | Опис на намена | ИЗНОС: |
|---|---|---|---|
| 1. | 18-133/2 04.02.2015 | Средства за учество на карате првенство | 6.000,00 |
| 2. | 18-243/2 09.02.2015 | Средства за помош за опожарен храм Св.Атанасиј Велики - Богданци | 6.000,00 |
| 3. | 18-513/2 24.02.2015 | Средства за учество на тортијада | 12.877,00 |
| 4. | 18-1010/2 20.04.2015 | Средсва за меѓународен турнир во тенис | 6.000,00 |
| 5. | 18-1070/2 20.04.2015 | Средства за починат член на семејство | 30.000,00 |
| 6. | 18-1047/2 22.04.2015 | Средства за изградба на конаци Св.Илија Луковица | 30.000,00 |
| 7. | 18-1179/2 05.05.2015 | Средства за учество на скопски маратон | 6.000,00 |
| 8. | 18-1392/2 04.06.2015 | Средства за карате натпревари | 5.000,00 |
| 9. | 18-1665/2 26.06.2015 | Средства помош за учество на семинар за модерен танц | 10.000,00 |
| 10. | 18-1757/2 03.07.2015 | Средства за учество на првенство на отворени води | 20.000,00 |
| 11. | 18-2076/2 26.07.2015 | Средства помош за црква Св.Архангел Гаврил | 10.000,00 |
| 12. | 18-2193/2 19.08.2015 | Средства за покривање на трошоци за празник успение на Пресвета Богородица Матка | 15.000,00 |
| 13. | 18-2289/2 02.09.2015 | Средства за набавка на опрема за ракомет | 10.000,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 14. | 18-2311/2<br>03.09.2015 | Средства помош за учество на олимписки игри | 15.000,00 |
| 15. | 18-2381/2<br>10.09.2015 | Средства помош за починат член од семејство | 4.000,00 |
| 16. | 18-2579/2<br>23.09.2015 | Средства за одржана работилница за еднакви можности | 6.000,00 |
| 17. | 18-2991/2<br>02.11.2015 | Средства за лекување на член од семејство | 10.000,00 |
| 18. | 18-2930/2<br>05.11.2015 | Средства за учество на детска евровизија | 10.000,00 |
| 19. | 18-3035/2<br>10.11.2015 | Средства за помош на Здружение на граѓани Политички прогонувани | 10.000,00 |
| 20. | 18-3079/2<br>13.11.2015 | Средства за лекување во странство | 20.000,00 |
| 21. | 18-3146/2<br>18.11.2015 | Средства за издавање музучки албум | 5.000,00 |
| 22. | 18-3319/2<br>01.12.2015 | Средства за покривање на трошоци за конференција | 20.000,00 |
| 23. | 18-3381/2<br>09.12.2015 | Средства за набавка на опрема за хокеј | 20.000,00 |
| 24. | 18-3428/2<br>17.12.2015 | Средства за Здружение за изградба на камена кула со крст | 10.000,00 |
| 25. | 18-3493/2<br>18.12.2015 | Средства за покривање на трошоци за видео запис | 20.000,00 |
| 26. | 18-3596/2<br>29.12.2015 | Средства за починат член на семејство | 15.000,00 |
| | | **ВКУПНО:** | 331.877,00 |

**Бр. 08-651/9**
**11.03.2016 година**
**Скопје**

**Совет на општина Ѓорче Петров**
**П Р Е Т С Е Д А Т Е Л,**
**Гоце Петрески** с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Службен Весник на РМ" бр.5/02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров" бр.18/2013), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Завршна сметка на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2015 година**

Се објавува Завршната сметка на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2015 година , што Советот на Општина Ѓорче Петров ја усвои на Четериесет и седмата седница на Советот, одржана на ден 11.03.2016 година.

**Број 09-723/8**
**од 11.03.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 28 став 1 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/2004,96/2004 и 67/2007), Советот на ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ на 47 седница одржана на 11.03.2016 година, донесе:

# ЗАВРШНА СМЕТКА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ ЗА 2015 ГОДИНА

## 1.Општ дел

### Член 1

Завршната сметка на Буџетот на ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ за 2015 година се состои од:

| | | ПЛАНИРАНО | ОСТВАРЕНО |
|---|---|---|---|
| I. | **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **411.924.397** | **342.463.924** |
| | Даночни приходи | 137.596.300 | 108.116.467 |
| | Неданочни приходи | 29.388.500 | 22.598.955 |
| | Капитални приходи | 35.890.100 | 21.939.466 |
| | Приходи од дотации | 163.343.797 | 158.612.000 |
| | Трансфери | 33.601.600 | 30.521.242 |
| | Приходи од донации | 12.104.100 | 675.794 |
| II. | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **428.372.397** | **358.936.848** |
| | Од утврдени намени | 426.972.397 | 358.404.971 |
| | Резерви | 1.400.000 | 531.877 |
| III. | **Д Е Ф И Ц И Т** | **-16.448.000** | **-16.472.924** |
| | **ИВ. ФИНАНСИРАЊЕ** | **16.448.000** | **16.472.924** |
| | **Прилив** | **27.000.000** | **27.024.450** |
| | Домашни приливи | 27.000.000 | 25.120.276 |
| | Приливи од странски заеми | 0 | 0 |
| | Депозити | 0 | 1.904.174 |
| | **Одлив** | **10.552.000** | **10.551.526** |
| | Отплата на главница | 10.552.000 | 10.551.526 |

**Член 2**

Планираните приходи и приливи по извори и видови, расходи и одливи по основни намени ,се искажуваат во Билансите на приходите и расходите на Завршната сметка на Буџетот на Општината како што следи:

**Член 3**

Салдото на сите сметки на Буџетот на Општина Ѓорче Петров на 31.12.2015 година претставува збир од суфицитот од тековната 2015 година и претходните години (18.052.435,00)

| | | |
|---|---|---|
| **-Салдо на 31-12-2015** | **18.052.435,00** | **денари** |
| Салдо на основен буџет (630) | 9.208.717,00 | денари |
| Салдо буџет дотации (930) | 5.388.122,00 | денари |
| Салдо буџет самофинасирачки активности(787) | 3.455.596,00 | денари |
| Салдо на сметка кредити (786) | 0,00 | денар |

Салдата на секоја сметка поединечно се пренесуваат во наредната 2015 година и се депозитни средства.

**Член 4**

Во посебниот дел на Завршната сметка на Буџетот на општина Ѓорче Петров за 2015 година се искажани планираните и извршените расходи по потпрограми, сметки и основни намени.

**Член 5**

Општиот дел на Завршната сметка на Буџетот на општина Ѓорче Петров за 2015 година ќе се објави во “Службен гласник на општина Ѓорче Петров“.

**Број 08- 651/10** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**11.03. 2016 година** **Претседател,**
**Скопје** **Гоце Петрески с.р.**

# Биланс на приходи на ниво на ставка

| Кат. / Ставка / Потставка | О П И С | Буџет План | Буџет Реализац. | Самофинан.актив. План | Самофинан.актив. Реализац. | Дотации План | Дотации Реализац. | Донации План | Донации Реализац. | Кредити План | Кредити Реализац. | ВКУПНО План | ВКУПНО Реализац. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | План | Реализац. | План | Реализац. | План | Реализац. | План | Реализац. | План | Реализац. | План | Реализац. |
| **LA0** | **СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА (КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ)** | **2.200.000** | **1.514.895** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **2.200.000** | **1.514.895** |
| ***48*** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **2.200.000** | **1.514.895** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **2.200.000** | **1.514.895** |
| 482 | Други градежни објекти | 2.200.000 | 1.514.895 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.200.000 | 1.514.895 |

| Кат. Ставка Потставка | О П И С | Буџет | | Самофинан.актив. | | Дотации | | Донации | | Кредити | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | План | Реализац. | План | Реализац. | План | Реализац. | План | Реализац. | План | Реализац. | План | Реализац. |
| **N10** | **ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | **2.300.000** | **920.368** | **1.728.500** | **1.089.239** | **130.865.030** | **126.492.549** | **747.100** | **675.794** | **0** | **0** | **135.640.630** | **129.177.950** |
| ***40*** | **ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | **0** | **0** | **0** | **0** | **111.065.000** | **109.877.963** | **0** | **0** | **0** | **0** | **111.065.000** | **109.877.963** |
| 401 | Основни плати | 0 | 0 | 0 | 0 | 80.980.000 | 80.201.241 | 0 | 0 | 0 | 0 | 80.980.000 | 80.201.241 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 0 | 0 | 0 | 0 | 30.085.000 | 29.676.722 | 0 | 0 | 0 | 0 | 30.085.000 | 29.676.722 |
| ***42*** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **2.300.000** | **920.368** | **1.618.500** | **1.029.630** | **18.964.906** | **15.861.778** | **583.100** | **536.390** | **0** | **0** | **23.466.506** | **18.348.166** |
| 420 | Патни и дневни расходи | 0 | 0 | 0 | 0 | 145.000 | 128.135 | 0 | 0 | 0 | 0 | 145.000 | 128.135 |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 0 | 0 | 10.000 | 0 | 12.418.350 | 10.062.503 | 57.200 | 50.540 | 0 | 0 | 12.485.550 | 10.113.043 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 0 | 0 | 693.500 | 490.856 | 2.154.600 | 1.946.949 | 170.500 | 162.610 | 0 | 0 | 3.018.600 | 2.600.415 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 1.500.000 | 661.318 | 250.000 | 187.598 | 1.801.856 | 1.676.711 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.551.856 | 2.525.627 |
| 425 | Договорни услуги | 800.000 | 259.050 | 665.000 | 351.176 | 1.924.100 | 1.627.795 | 329.000 | 323.240 | 0 | 0 | 3.718.100 | 2.561.261 |
| 426 | Други тековни расходи | 0 | 0 | 0 | 0 | 521.000 | 419.685 | 26.400 | 0 | 0 | 0 | 547.400 | 419.685 |
| ***48*** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **0** | **0** | **110.000** | **59.609** | **835.124** | **752.808** | **164.000** | **139.404** | **0** | **0** | **1.109.124** | **951.821** |
| 480 | Купување на опрема и машини | 0 | 0 | 100.000 | 51.009 | 475.000 | 424.073 | 134.000 | 109.574 | 0 | 0 | 709.000 | 584.656 |
| 481 | Градежни објекти | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 483 | Купување на мебел | 0 | 0 | 10.000 | 8.600 | 320.124 | 298.935 | 30.000 | 29.830 | 0 | 0 | 360.124 | 337.365 |
| 485 | Вложувања и нефинансиски средства | 0 | 0 | 0 | 0 | 40.000 | 29.800 | 0 | 0 | 0 | 0 | 40.000 | 29.800 |

| Кат. Ставка Потставка | О П И С | Буџет | | Самофинан.актив. | | Дотации | | Донации | | Кредити | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | План | Реализац. | План | Реализац. | План | Реализац. | План | Реализац. | План | Реализац. | План | Реализац. |
| **R10** | **ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРИРОДА** | **500.000** | **399.722** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **500.000** | **399.722** |
| ***42*** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **500.000** | **399.722** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **500.000** | **399.722** |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 425 | Договорни услуги | 500.000 | 399.722 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 500.000 | 399.722 |
| 426 | Други тековни расходи | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

| Кат. Ставка Потставка | О П И С | Буџет | | Самофинан.актив. | | Дотации | | Донации | | Кредити | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | План | Реализац. | План | Реализац. | План | Реализац. | План | Реализац. | План | Реализац. | План | Реализац. |
| **V10** | **ДЕТСКИ ГРАДИНКИ** | **450.000** | **26.073** | **15.200.000** | **13.989.553** | **32.478.767** | **31.463.126** | **3.957.000** | **0** | **0** | **0** | **52.085.767** | **45.478.752** |
| ***40*** | **ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | **0** | **0** | **0** | **0** | **27.234.767** | **27.079.883** | **0** | **0** | **0** | **0** | **27.234.767** | **27.079.883** |
| 401 | Основни плати | 0 | 0 | 0 | 0 | 19.847.467 | 19.743.846 | 0 | 0 | 0 | 0 | 19.847.467 | 19.743.846 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 0 | 0 | 0 | 0 | 7.387.300 | 7.336.037 | 0 | 0 | 0 | 0 | 7.387.300 | 7.336.037 |
| ***42*** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **50.000** | **26.073** | **14.500.000** | **13.329.341** | **5.244.000** | **4.383.243** | **0** | **0** | **0** | **0** | **19.794.000** | **17.738.657** |
| 420 | Патни и дневни расходи | 0 | 0 | 40.000 | 17.900 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 40.000 | 17.900 |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 0 | 0 | 300.000 | 286.765 | 3.544.000 | 2.683.243 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.844.000 | 2.970.008 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 0 | 0 | 10.847.000 | 9.897.844 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 10.847.000 | 9.897.844 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 50.000 | 26.073 | 2.063.000 | 1.966.477 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.113.000 | 1.992.550 |
| 425 | Договорни услуги | 0 | 0 | 840.000 | 835.466 | 1.700.000 | 1.700.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.540.000 | 2.535.466 |
| 426 | Други тековни расходи | 0 | 0 | 410.000 | 324.889 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 410.000 | 324.889 |
| ***48*** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **400.000** | **0** | **700.000** | **660.212** | **0** | **0** | **3.957.000** | **0** | **0** | **0** | **5.057.000** | **660.212** |
| 480 | Купување на опрема и машини | 0 | 0 | 300.000 | 260.212 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 300.000 | 260.212 |
| 481 | Градежни објекти | 400.000 | 0 | 400.000 | 400.000 | 0 | 0 | 3.957.000 | 0 | 0 | 0 | 4.757.000 | 400.000 |

| Кат.<br>Ставка<br>Потставка | О П И С | Буџет | | Самофинан.актив. | | Дотации | | Донации | | Кредити | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | План | Реализац. | План | Реализац. | План | Реализац. | План | Реализац. | План | Реализац. | План | Реализац. |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Службен Весник на РМ" бр.5/02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров" бр.18/2013), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Стратегија за информатички и комуникациски технологии на Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Стратегијата за информатички и комуникациски технологии на Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја усвои на Четериесет и седмата седница на Советот, одржана на ден 11.03.2016 година.

**Број 09-723/9**
**од 11.03.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

## ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

# СТРАТЕГИЈА ЗА ИНФОРМАТИЧКИ И КОМУНИКАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

Скопје,Февруари 2016 година

## СОДРЖИНА

Вовед........4

Историја на развој на општината во областа на ИКТ........4

Преглед на ИКТ стратегијата........5

Визија, мисија, цели........5

Делокруг, област........6

Предуслови, ограничувања, закани........6

Улоги и одговорност........7

Комуникација и транспарентност........7

Општина – корисници (граѓани, бизнис-сектор)........7

Воспоставување / унапредување на дисперзирани општински канцеларии........8

Комуникација помеѓу одделенија и сектори во самата општина........8

Проекти од областа на ИКТ кои опфаќаат повеќе сектори и одделенија........9

Управување со корисници........9

Чување и заштита на податоци........9

Мапирање на административни процеси и работни процедури........10

Технологии........10

Мрежна инфраструктура........10

Вмрежување на дисперзираните општински канцеларии........10

Вмрежување на територијата на целата општина........10

Хардверска опременост (клиенти и сервери)........11

Софтверска опременост (клиентски и серверски апликации)........11

Интернет/интранет........12

Интернет ........................................................................................................................................ 12

Интранет ........................................................................................................................................ 12

Географски информациски систем ........................................................................................ 12

Планирање и воведување на Едношалтерски систем ........................................................ 13

Работа од далечина.................................................................................................................... 13

Ресурси (вештини и обуки)....................................................................................................... 13

Вештини ........................................................................................................................................ 13

Обуки ..............................................................................................................................................14

Набавки/тендери ......................................................................................................................... 14

Финансирање ............................................................................................................................... 14

Информациска безбедност......................................................................................................... 14

ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ И АКЦИСКИ ПЛАН ................................................................... 15-18

Врз основа на член 36 став 1 точка 15, член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен Весник на РМ" бр.5/02) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-пречистен текст („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров" бр.18/13), Советот на Општина Ѓорче Петров на 47-мата седница, одржана на 11.03..2016 година, донесе:

**Стратегија за информатички и комуникациски технологии на Општина Ѓорче Петров**

**Вовед**

Овој документ претставува Стратегија за примена на информатички и комуникациски технологии (во понатамошниот текст: Стратегија за ИКТ) во Општина Ѓорче Петров за периодот од 2016 до 2020 година. Стратегијата за ИКТ дава преглед на тековната состојба во општината и стратешките цели кои се планирани и треба да се постигнат во периодот до 2020 година. Исто така, составен дел на овој документ е Акцискиот план кој содржи конкретни проекти. Нивната реализација придонесува кон исполнување на стратешките цели. Ова е прв стратешки документ на Општина Ѓорче Петров од областа на ИКТ.

Истовремено, Стратегијата за ИКТ ги дефинира неопходните насоки за воведување и развој на нови и унапредување на постоечките информатички и комуникациски технологии во општината, со цел да се зголеми ефикасноста на администрацијата и да се обезбедат евтини, брзи, квалитетни и навремени услуги за граѓаните.

Во подготовката на Стратегијата за ИКТ учествуваа сите релевантни чинители од локалната власт. Нивното учество и придонес обезбеди дефинирање на проекти кои ќе овозможат реализација на зацртаните насоки и ќе ја поедностават и забрзаат комуникацијата на релација локална власт – граѓани.

**Историја на развој на општината во областа на ИКТ**

ИКТ, како важна област во работата на Општина Ѓорче Петров, досега се третирани во рамките на определбата на електронска Општина. Со процесот на децентрализација и определбата за ефикасна и транспарентна Општина, местото на ИКТ секојдневно добива сѐ поголема важност во работата на општината. Ова ја наметнува потребата од изработка на стратешки документ посветен на ИКТ.

Погледнато хронолошки, во годините наназад, реализирани се низа значајни проекти од оваа област, во различни области на интерес.

Од 1999 година Општина Ѓорче Петров користи сопствен софтвер за книговодство и се издвои од подрачните единици на министерството за финансии.

Првиот интернет-портал на Општина Ѓорче Петров е изработен во 2001 година.

Во 2010 година, е изработена нова верзија на официјалниот интернет-портал на Општина Ѓорче Петров, www.opstinagpetrov.gov.mk. На неа беа и сѐ уште се достапни сите информации поврзани со работата на општината.

Во периодот 2009 - 2010 година е реализиран проектот за воспоставување на доменска мрежна инфраструктура, обезбедување пристап до интернет и за првпат се имплементирани софтвери кои го покриваат тековното работење, во делот на системот за администрирање со даноци и финансискиот менаџмент.

Во 2011 година воведено е електронска евиденција на работно време и контрола на пристап.

Во 2014 година се воведени пост терминали за наплата со електрноски платежни картички.

## Преглед на ИКТ стратегијата

## Визија, мисија, цели

Основната улога на општината е да одговори на потребите на своите граѓани понудувајќи лесно достапни услуги препознатливи по својот квалитет, навременост и ниска цена на чинење. Услугите треба да бидат претставени на начин, место и време погодни за граѓаните. Ова не значи запоставување на традиционалните начини на комуникација, но преферира примена нови техники и технологии во секојдневното работење. Општина Ѓорче Петров се гледа како: транспарентна водечка Општина, која модерно и ефикасно ќе управува со вкупните ресурси користејќи современи информатичко комуникациски технологии со цел да излезе во пресрет на реалните потреби на граѓаните и бизнисот во секое време и на секое место.

Да се остане лидер во примената на ИКТ во Република Македонија и реално да се подигне степенот на отчетност и транспарентност преку примена на веб-ориентирани сервиси кои ќе овозможат едноставни услуги и комплетни трансакции, е мисија на чие остварување ќе работат сите заинтересирани страни.

Врз основа на ова, може да се поставаат и стратешките цели:

- Намалување на трошоците во работењето
- Подобар квалитет на услугите
- Ограничување на можностите за корупција
- Транспарентност

## Делокруг, област

Стратегијата за ИКТ на Општина Ѓорче Петров е во согласност со законските норми и прописи, националните ИКТ стратегии и локалните развојни стратегии. Во Стратегијата за ИКТ искористено е стекнатото искуство на општината во областа на ИКТ. Дел од проектите дефинирани во акцискиот план вклучуваат и други партнери.

## Предуслови, ограничувања, закани

Движењето на пазарот на информатичките технологии и електронските комуникации во државата и општата клима во државата во областа на ИКТ се многу важни фактори. Прифатливи цени за хардвер, софтвер и електронски комуникации се добра основа за реализација на проектите предвидени во оваа Стратегијата за ИКТ.

Поддршката на централната власт за развојот на ИКТ во целата држава, дефинирана како стратешка цел во националните ИКТ стратегии, позитивно ќе влијае на развојот на ИКТ на локално ниво.

Со изготвувањето и прифаќањето на оваа Стратегијата за ИКТ, јасно се изразува желбата и стратешка определба на раководните структури во општината (градоначалник, совет, раководители на сектори и одделенија) за нејзина Вертикална интегрираност но нејзиното неимплементирање може да претставува значајна пречка за ефикасна реализација на проектите зацртани во Акцискиот план на оваа Стратегијата за ИКТ. Исто така, заменувањето на традиционалниот начин на работа со нов преку воведувањето на нови технологии може да наиде на отпор кај вработените во општината и затоа треба да се работи на подигнување на нивната свест за придобивките од ИКТ. За имплементација на нови технологии неопходно е планирано и континуирано стекнување нови знаења и вештини преку реализацијата на планот за обука на вработените.

**Улоги и одговорност**

ИКТ имаат допирни точки со сите сектори и одделенија во општината. Многу од проектите вклучуваат повеќе сектори. Исто така, во случаите кои опфаќаат внесување, чување и пристап до информации, вклучени се голем дел од вработените. Со цел успешно спроведување на проектите од Акцискиот план на Стратегијата за ИКТ за секој проект мора да се определат носители кои ќе бидат одговорни за нивното спроведување, како и други сектори / одделенија / вработени кои ќе бидат вклучени во реализацијата на одреден проект. Што се однесува до информациите, бидејќи голем дел од информациите не се од јавен карактер, мора внимателно да се следи внесувањето, чувањето и пристапот до информациите и да се определи одговорноста за евентуална злоупотреба или губење на податоците.

**Комуникација и транспарентност**

Комуникацијата и транспарентноста се многу важен елемент во работењето на секоја општина. Општина Ѓорче Петров е отворена и транспарентна пред граѓаните и бизнис-секторот. Овие два елементи значително ќе се унапредат преку искористувањето на придобивките што ги нудат ИКТ.

**Општина – корисници (граѓани, бизнис-сектор)**

Граѓаните и бизнис-секторот се главни корисници на услугите на општината. Вработените во општината секојдневно се во контакт со нив. Со цел да се унапреди работењето и ефикасноста на општината кон давањето услуги кон корисниците, таа треба постојано да ги известува своите граѓани и компании за услугите кои се достапни за нив, за тоа какви документи се потребни за да се проведе некоја постапка што им е потребна или за издавање некаков документ.

Клиентската ориентираност и интензивниот развој на е- услуги за граѓаните, Општина Ѓорче Петров треба да го потврди преку развој на постојниот портал и негова интеграција со нови, наменски портали кои ќе го користат стекнатото искуство и знаење на сопствените човечки ресурси.

Ќе се воведуваат напредни е-услуги, како што се:

- Воведување на можност за поднесување барања по електронски пат од граѓани и фирми со автентикација и авторизација на корисници;
- Следење на статусот на предметот во сите постапки
- Увид во издадени документи и нивно преземање од граѓани и фирми со обезбедено високо ниво на приватност на податоците за секој граѓанин или фирма (https, регистрација на корисник + упис на шифриран збор + користење на дигитален сертификат);
- Информирање на граѓаните и бизнис секторот преку електронска пошта или СМС пораки
- Воведување електронско плаќање (преку мобилен телефон, контакт-центри, веб-портал) на услугите што ги даваат општините и административните такси;
- Дигиталните сертификати како еквивалент на лична карта ќе најдат примена со воведување на процедури и услуги за кои е потребно користење на ИД-карта и ПКИ и друго.

**Воспоставување / унапредување на дисперзирани општински канцеларии**

Со цел услугите на Општина Ѓорче Петров да ги исполнат критериумите на брзина, квалитет, достапност, за сите корисници, граѓаните и бизнис-секторот треба да ги добиваат тие услуги во местото на живеење. За таа цел, општината ќе воспостави дисперзирани општински канцеларии во неколку поголеми населени места кои гравитираат кон Општина Ѓорче Петров, како административен центар. Опременоста на дисперзираните општински канцеларии овозможува целосно извршување на работните задачи на вработените и слободен пристап до интернет за корисниците. Секако, дополнителните анализи ќе ја утврдат потребата од отворање на нови канцеларии и надградба на постоечките.

**Комуникација помеѓу одделенија и сектори во самата општина**

Рационалното и ефикасно работење на општината се базира на принципите на добро управување, особено на добра комуникација и координација. Поставувањето на ИКТ како клучна алатка за добро управување никако не значи намалување на информираноста, директната комуникација и координација, туку нивно извршување, без разлика на состојбата и локацијата на поединците. За таа цел, сите вработени во општината мора да бидат вклучени во креирањето на начинот на работа и постојано да се информираат за настанатите промена, при што ќе ја користат алатката која ќе се изработи за интерна комуникација (интранет или некоја слична). На овој начин, покрај тоа што се обезбедува надминување на проблемите поврзани со информираноста, комуникацијата и координацијата, се обезбедува и надминување на проблемите со непостоење на соодветно ниво на знаење, зголемувањето на обемот на „скриеното“ знаење и недоволното познавање на менаџерските функции и улоги.

## Проекти од областа на ИКТ кои опфаќаат повеќе сектори и одделенија

Најголемиот дел од проектите бараат вклученост на повеќе сектори и одделенија, а резултатите од нив ќе ги користат поголемиот дел од вработените.

### Управување со корисници

Информациите за корисниците се користат од вработените во неколку сектори во општината. Управувањето со овие податоци треба да биде централизирано и синхронизирано. Затоа, Општина Ѓорче Петров ќе воведе современ информациски систем за управување со корисници каде на едно место ќе бидат достапни сите неопходни информации за корисникот преку личен контакт, телефон и електронска пошта.

### Чување и заштита на податоци

Информациите и податоците кои ги поседува Општина Ѓорче Петров се средства кои се од особено значење за нејзината секојдневна работа и функционирање. Затоа податоците треба да се чуваат и заштитат според постоечките пропишани норми и стандарди. Како сопственик на информациите, Општина Ѓорче Петров ги прифаќа обврските од Законот за заштита на личните податоци преку целосна имплементација на пропишаните организациски и технички мерки.

### Мапирање на административни процеси и работни процедури

Административните процеси и работните процедури мора да бидат јасно дефинирани, да постојат запишани на хартија и да се одобрени од раководните структури. На тој начин се гради и се јакне организациското знаење, се намалува зависноста од поединците и се подобрува ефикасноста. Имплементацијата на стандардот за управување со квалитет ISO 9001:2008, значително помага при дефинирањето на работните процеси и редоследот на извршување на работните задачи, што суштински значи целосно усогласување на софтверските решенија со административните процеси и процедури.

### Технологии
### Мрежна инфраструктура

Вмрежување на објектите во кои е сместена општината.

За вмрежување на објектите во кои е сместена општината ќе се користи жичано вмрежување (Local Area Network - LAN). Притоа, при набавката на активната мрежна опрема се води сметка истата да биде со можности за менаџирање и сегментирање на мрежата (Wide Area Network – WAN).

## Вмрежување на дисперзираните општински канцеларии

Дисперзираните општински канцеларии со општината ќе се поврзат во виртуелна приватна мрежа (Virtual Private Network – VPN) преку користење на комуникациски услуги од оператори на јавни електронски комуникациски мрежи. На овој начин ќе се намалат иницијалните трошоци, трошоците за одржување на опремата, а се зголемува и нивото на испорачаната услуга. Бидејќи дисперзираните општински канцеларии ќе функционираат и како јавни пристапни точки за интернет, може да се користи и безжичен пристап.

## Вмрежување на територијата на целата општина

Општината треба да направи напори за вмрежување на целата нејзина територија. Процесот треба да оди постепено. Првиот чекор треба да обезбеди интернет-пристап до објектите што се отворени за граѓаните и кои се во надлежност на општината, како што се училиштата, библиотеките, музеите, болниците, железничките и автобуските станици, парковите и другите јавни површини. Заради поддршка на локалниот економски развој, општината треба да овозможи достапност до електронската комуникациска инфраструктура во индустриските зони. Со ова, општината ќе ги подобри условите за работа на бизнисите што може да има големо значење во процесот на привлекувањето странски и домашни инвестиции.

Со цел успешно вмрежување на територијата на целата општина со најмали трошоци, општината треба да користи модели за јавно-приватно партнерство со заинтересирани компании1).

1) При изработката на студијата треба да се има предвид Прирачникот за дизајн и имплементација на ефективни јавно -приватни партнерства (ЈПП), ЗЕЛС, декември 2008 година којшто можете да се најде на веб- локацијата на ЗЕЛС во делот Изданија, Публикации.

## Хардверска опременост (клиенти и сервери)

Според стекнатите искуства од претходните години, стратешка определба на Општина Ѓорче Петров е да користи brand name компјутери од етаблирани светски произведувачи. За разлика од останатите, етаблираните произведувачи овозможуваат голема стабилност во работата на системите, должината на гаранцискиот и пост - гаранцискиот период, како и низа на други предностите кои значително ги намалуваат трошоците за тековно одржување на опремата.

Друга стратешка определба во однос на користењето на хардверските уреди е континуираната замена на постоечката активна и пасивна опрема (печатари, скенери и фотокопири со мрежни мултифункциски уреди), со што се обезбедува унифицираност и долгорочна компактност на целокупниот ИТ систем, а се намалува потребата од набавка на потрошни материјали и одржување на многу различни типови на уреди. На овој начин се прави добра техничка основа за имплементирање на сложени софтверски решенија, нивна интеграција и контрола на пристап.

## Софтверска опременост (клиентски и серверски апликации)

Софтверските решенија кои ги поседува Општина Ѓорче Петров и нивното користење се клучни за работата на општината. Во моментот на создавање на оваа стратегија, носечката платформа е базирана на палетата на производи од Microsoft. Во општината нема имплементирано софтвери кои се зависни од производи на други производители или други платформи. На овој начин ќе се воспостави единствен интегриран систем кој би ги обединил сите постоечки апликации и бази на податоци, ќе овозможи ажурирање на податоци во реално време, електронски услуги насочени како кон администрацијата, така бизнисот и граѓаните. Општина Ѓорче Петров, за секоја нова имплементација на софтвер ќе бара детална документација за производот, гаранција, поддршка, депонирање на изворниот код и соодветна обука.

## Интернет/интранет

### Интернет

Општината користи пакет за пристап до широкопојасен интернет и сите вработени имаат пристап до интернет во секое време. Моменталната состојба во целост ги задоволува потребите на општината за интернет-пристап. Надградбата во иднина ќе зависи од развојот на технологијата и потребите предизвикани од имплементацијата на новите решенија и услуги.

### Интранет

Општина Ѓорче Петров предвидува интранет-систем за меѓусебна соработка, соработка и размена на документи базиран на SharePoint платформа. Системот ќе целосно прилагоден на специфичните потреби на општината, изработен и воспоставен од сопствени ресурси. Пристап до системот ќе имаат само авторизирани корисници и негова основна намена е управуањето со документите, следење на нивниот пат и статус, статусот на реализација на работните задачи како и реализацијата на планираните проекти. Овој систем во целост е прилагоден кон барањата на системот за управување со квалитет ISO 9001:2008.

## Географски информациски систем

Географскиот информациски систем (ГИС) треба да биде една од главните алатки за работа на Општина Ѓорче Петров на секторот за урбанизам, комунални дејности, сообраќај и заштита на животната средина во општината.

ГИС претставува систем којшто се користи за внесување, интегрирање, зачувување, анализа, управување и споделување податоци поврзани со локации во просторот. Општината веќе има имплементирано ГИС кој поседува дополнителна вредност во апликацијата за распределба и следење на предметите, а за вработените во целост ќр биде обезбедена соодветна обука.

**Планирање и воведување на Едношалтерски систем**

Вработените во предната канцеларија, задолжени за директен контакт со корисниците, мора да бидат во постојана комуникација со останатите вработени во општината, кои ги обработуваат податоците и ги обезбедуваат неопходните информации. Со цел успешно да функционира едношалтерскиот систем, комуникацијата и функционалноста на ИТ системите мора да биде беспрекорна.

**Работа од далечина**

Ако вработените не се на своето работно место, тоа не значи дека тие не можат да имаат пристап до своите компјутери за да добијат информации и податоци. Треба да се направи сеопфатна анализа за добрите и лошите страни на воведувањето работа од далечина во општината, со особено внимание на безбедносниот аспект, и да се донесе заклучок дали работата од далечина ќе може да се примени во општината. Истото важи и за овозможувањето на пристап за софтверските компании кои се техничка поддршка за софтверите кои ги поседува општината. Понекогаш ова е најбрзиот начин за реагирање врз основа на настанат инцидент или проблем.

**Ресурси**
**( Вештини Обуки )**

**Вештини**

Најголемиот дел од вработените поседуваат задоволително ниво на ИКТ вештините и истите континуирано се подобруваат. Доколку се процени дека некои од вработени имаат потреба од подобрување на нивните ИКТ вештини, задолжително ќе се организира наменска обука.

**Обуки**

Со оглед на фактот дека воведувањето на нови софтверски апликации е континуиран процес, обуката на вработените за нивно ефикасно користење исто така станува континуиран процес. При обуките мошне е важно да се размисли за примена на моделот „обука за обучувачи", т.е. да се обучат неколку главни корисници кои потоа ќе го пренесат своето знаење на останатите вработени. На тој начин се врши заштеда на средства, а обуките ќе бидат приспособени според потребите на вработените.

**Набавки/тендери**

При набавка на нова опрема општината задолжително го почитува законот за јавни набавки. Затоа е неопходно годишно планирање на активностите и врз основа на дефинираните активности се планираат и соодветните набавки. Подготовката на тендерските документации е квалитетно, со детални, јасни и недвосмислени технички спецификации во кои се дефинирани соодветни минимални услови за обезбедување со квалитет.

## Финансирање

За реализација на набавките поврзани со ИКТ, Советот на Општина Ѓорче Петров, преку програмата на одделението за подршка на градоначалникот проектира соодветен буџет. Буџетските средства се во висина од приближно 1% до 2% од изворните приходи на општината. Оваа пракса треба да продолжи во иднина со дефиниран раст на буџетот за ИКТ пропорционален на растот на изворните приходи на општината. Дополнително, реализацијата на дел од планираните активности може да биде финансиран преку домашни или странски извори на финансирање, или во рамки на партнерски проекти.

## Информациска безбедност

Една од клучните стратешки области е безбедноста на информациите и ИКТ системите. Со оглед на фактот дека Општина Ѓорче Петров веќе има имплементирано поголем дел од организациските и техничките мерки за заштита на личните податоци според правилникот на ДЗЛП и ги има подготвено сите правилници, наредeн врвен приоритет ќе биде имплементацијата на ISO 27001:2005. Временската рамка и динамиката на имплементирање на стандардот е дадена во Акцискиот план.

## Планирани проекти и акциски план

Име на проектот: **Платформа за електронски услуги (е-услуги) и систем за управување со корисници и водење на предмети**

| | |
|---|---|
| **Област** | Електронски услуги |
| **Носител на проектот** | Општина Ѓорче Петров |
| **Цел на проектот** | Интеграција на електронски услуги за корисниците |
| **Очекувани резултати** | Обезбедување на евтини, квалитетни и брзи услуги, базирани на нови софистицирани информатички и комуникациски технологии; подобрување на понудата и достапноста на услугите кои Општина Ѓорче Петров ги нуди за своите корисници; зголемување на степенот на задоволство на корисниците; подобрување на перформансите и брзината на одговор кон барањата на корисниците; подобрување на имиџот на општинските власти; подобро разбирање на потребите на корисниците; намалување на трошоците за испорака на услугите; обезбедување на систем за следење на промените во контекст на барањата на корисниците на услугите на Општина Ѓорче Петров |
| **Фази на имплементација** | Фаза 1: подготовка на техничка |

| | |
|---|---|
| | спецификација и проектна документација.<br>Фаза 2: имплементација. |
| **Време** | 2017-2018 година. |

Име на проектот: **Развој и имплементација на интегрирано решение за електронско одвивање на седница на советот**

| | |
|---|---|
| **Област** | Општинска администрација, градоначалник, Совет на општината, услуги |
| **Носител на проектот** | Општина Ѓорче Петров |
| **Цел на проектот** | Осовременување на работата на Советот на Општина Ѓорче Петров, интеграција на работата на Советот со општинската администрација и градоначалникот и воведување на нови функционалности. |
| **Очекувани резултати** | Современи услови за работа на Советот, поврзаност на Советот со општинската администрација и градоначалникот. |
| **Фази на имплементација** | Фаза 1: подготовка на техничка спецификација и проектна документација.<br>Фаза 2: подготовка на решението.<br>Фаза 3: имплементација и тестирање.<br>Фаза 4: спецификација на нов хардвер, набавка и поставување. |
| **Финансии** | 2.000.000.00 денари / Буџет на ЕЛС |
| **Време** | 2018-2019 година. |

Име на проектот: **Проширување на зоната за слободен пристап до интернет**

| | |
|---|---|
| **Област** | Електронски услуги |
| **Носител на проектот** | Општина Ѓорче Петров |
| **Цел на проектот** | Обезбедување целосна достапност на услугите на општината |
| **Очекувани резултати** | Поставени 2 нови зони за слободен пристап до интернет |
| **Финансии** | 60.000 денари / Буџет на ЕЛС |
| **Време** | континуирано |

Име на проектот**: Имплементација на организациски и технички мерки за заштита на лични податоци**

| | |
|---|---|
| **Област** | Општинска администрација, Градоначалник, Совет на општината |
| **Носител на проектот** | Општина Ѓорче Петров |
| **Цел на проектот** | Имплементација на мерки за заштита на лични податоци |
| **Очекувани резултати** | Компшатабилност на системот согласно Законот за заштита на лични податоци |
| **Време** | континуирано |

Име на проектот: **воведување на географски информационен систем**

| | |
|---|---|
| **Област** | Општинска администрација, градоначалник, Совет на општината, услуги |
| **Носител на проектот** | Општина Ѓорче Петров |
| **Партнер** | Воведување на ГИС |
| **Цел на проектот** | Информатичка поддршка на клучните сектори |
| **Очекувани резултати** | Зголемување на ефикасноста, ефективноста и транспарентноста. |
| **Фази на имплементација** | Фаза 1: подготовка на техничка спецификација.<br>Фаза 2: избор на најсоодветно решение.<br>Фаза 3: тестирање и имплементација на решение.<br>Фаза 4: обука на вработени и пуштање во употреба. |
| **Финансии** | 300.000.00 денари / Буџет на ЕЛС |
| **Време** | 2017-2018 година. |

Име на проектот: **Имплеметација на безбедносен стандард ISO/IEC 2700**

| | |
|---|---|
| **Област** | Општинска администрација, градоначалник, Совет на општината, услуги |
| **Носител на проектот** | Општина Ѓорче Петров |
| **Цел на проектот** | Имплементација на безбедносен стандард и сертификација на постојниот ИТ систем |
| **Очекувани резултати** | Добиен сертификат ISO/IEC 27001 |
| **Фази на имплементација** | Фаза 1: подготовка на документација.<br>Фаза 2: подготвување на системот согласно барањата на стандардот.<br>Фаза 3: имплементација на стандардот.<br>Фаза 4: обука на вработените за имплементација и користење на стандардот |
| **Финансии** | 180.000.00 деанри/Буџет на ЕЛС |
| **Време** | 2018-2020 година. |

**Број 08-651/11**
**Од 11.03.2016 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Гоце Петрески с.р.**